# НАЈДОБРИ СОВЕТИ ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ

## ПРАКТИЧНИ НАЧИНИ ДА СЕ ЗАШТИТИТЕ ОНЛАЈН

cyber.gov.au/learn




### Ажурирајте ги вашите апликации и уреди

Со ажурирање на вашите апликации и уреди можете да ги решите проблемите и да се погрижите за нови загрижувачки работи или слабости во врска со безбедноста кои ги користат хакерите за да добијат пристап до вашите уреди или сметки. Исто така може да бидат додадени и нови функции.




### Вклучете ја мулти-фактор автентикацијата (MFA)

MFA значи да имате повеќе од една проверка за докажување на вашиот идентитет на сметка. На пример, можеби ќе ви треба шифра од текстуална порака и вашата лозинка во форма на фраза. Ова многу ќе им го отежне пристапот на сајбер криминалците до вашата сметка.



### Поставете и редовно правете копии на податоците во вашиот уред

Резервна копија (backup) е дигитална копија на најважните информации во вашиот уред која се прави на надворешен уред или на опслужувач (server) на интернет како што е ‘облак’. Тоа значи дека ако се случи нешто, можете да ги обновите вашите датотеки.




### Креирајте безбедни лозинки во форма на фрази

Кога MFA не е достапна, користете лозинка во форма на фраза за да ја заштитите вашата сметка. Лозинката во форма на фраза е вид на сигурна лозинка при која се користат четири или повеќе случајно избрани зборови. Ова им отежнува на сајбер криминалците да ја погодат, но за вас ќе биде лесна да ја запамтите.



### Препознавајте и пријавувајте измами

Криминалците често користат имејл, СМС пораки, телефонски повици и социјални мрежи за да ги измамат луѓето. Тие обично го прават тоа за да ве контактираат преправајќи се дека се поединец или организација кои ги знаете и на кои им верувате.

Секогаш бидете претпазливи кога притискате на прилози или линкови во имејли или пораки.




### Зголемете ја вашата сајбер безбедност така што...

- Размислете за тоа што го објавувате.
- Добивајте предупредувања за нови закани. Пријавете се да ја користите нашата бесплатна услуга за предупредување.
- Разговарајте со семејството и пријателите за сајбер безбедноста.
- Избегнувајте да користите јавна Wi-Fi мрежа кога вршите банкарски работи или пазарите онлајн.
- Пријавете сајбер напади и инциденти за Австралија да биде безбедна.

Дознајте повеќе на **cyber.gov.au/learn**

**Пријавете инциденти во врска со сајбер безбедност:**

cyber.gov.au | 1300 CYBER1 (1300 292 371)

Овој број е достапен за користење само во Австралија.

Australian Government
Australian Signals Directorate

ASD AUSTRALIAN SIGNALS DIRECTORATE
ACSC Australian Cyber Security Centre

Дали имате мислење за овој информативен лист? Одете на **cyber.gov.au** и кажете ни што мислите.